Игор Неделковски
Зоран Котевски

# ИНТЕРНЕТ И МУЛТИМЕДИЈА

-практикум-
- второ иэдание-

**Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола**

**Технички факултет - Битола**

Проф. д-р Игор Неделковски

М-р Зоран Котевски

# Интернет и мултимедија

-практикум-

-второ издание-

Битола, 2007

**Врз основа на член 131 од Законот за авторските и сродните права забрането е секакво умножување на оваа книга со помош на фотографирање, копирање или било кој начин на умножување.**

Неколку одредби од Законот за авторските и сродните права:

Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице кое:

**- без одобрение на издавачот и без плаќање на надоместок на издавачот фотокопира за приватно или друго сопствено користење негово пишано дело (член 131);".**

Глоба во износ од 1.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок и на одговорното лице во правното лице, на трговецот поединец и на поединецот кој врши самостојна дејност или професија, за прекршокот од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 1.500 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичкото лице за прекршокот од ставот 1 на овој член.

За прекршок од ставот 1 на овој член сторен од користољубие или за прекршок со кој е предизвикана поголема имотна штета, на правното лице од ставот 1 на овој член ќе му се изрече глоба од 10.000 евра во денарска противвредност, а на физичкото лице од ставовите 2 и 3 на овој член ќе му се изрече глоба до 6.000 евра во денарска противвредност.

За прекршокот од ставот 1 на овој член на правното лице, односно на трговецот поединец и на поединецот кој врши самостојна дејност или професија, му се изрекува дополнителна санкција забрана на вршење на дејност во траење од најмногу пет години, сметано од денот на правосилноста на одлуката.

**Запомнете!**

**Почитувањето на авторските и сродните права е предуслов за влез на Република Македонија во Европската Унија.**

**Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола**

**Технички факултет - Битола**

Проф. д-р Игор Неделковски

М-р Зоран Котевски

# Интернет и мултимедија

-практикум-

-второ издание-

Битола, 2007

# СОДРЖИНА


ШТО Е ИНТЕРНЕТ? ИСТОРИЈА НА ИНТЕРНЕТОТ ....................................5

ИНТЕРНЕТ АПЛИКАЦИИ ....................................................................11

WORLD WIDE WEB ...........................................................................25

ПРЕБАРУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИ НА WWW ........................................... 39

ОБЈАВУВАЊЕ НА WWW ................................................................... 47

МУЛТИМЕДИЈАЛНИ СОДРЖИНИ – ТЕКСТ ......................................... 71

МУЛТИМЕДИЈАЛНИ СОДРЖИНИ – СЛИКИ ........................................ 77

МУЛТИМЕДИЈАЛНИ СОДРЖИНИ – АНИМАЦИЈА ..............................87

МУЛТИМЕДИЈАЛНИ СОДРЖИНИ – ВИДЕО ........................................97

МУЛТИМЕДИЈАЛНИ СОДРЖИНИ – ЗВУК .........................................109

ЛИТЕРАТУРА .................................................................................119

ГЛАВА 1

# ШТО Е ИНТЕРНЕТ?
# ИСТОРИЈА НА ИНТЕРНЕТОТ

## ШТО Е ИНТЕРНЕТ?

Функционирањето на интернетот го карактеризираат два основни поими: компјутерски мрежи и мултимедија.

Компјутерските мрежи поврзуваат различни компјутери без оглед на нивната локација. Тие овозможуваат размена и делење на податоци помеѓу поврзаните компјутери и поддржуваат комуникација "од точка до точка ". Компјутерите поврзани во мрежа можат да бидат од различен тип, со различни перформанси.

Мултимедија е информатички медиум кој претставува мешавина од текст, илустрации, нумерички податоци, видео, анимации, звук, глас и музика. Всушност мултимедија претставува една целина од повеќе видови на медиуми.

Интернетот е дефиниран како мрежа составена од мрежи (network of networks). Тој нема централизирана контрола или регулација. Интернетот претставува отворен и дистрибуиран систем, кој ги поврзува и најоддалечените краишта во светот и овозможува комуникација меѓу нив. Најпозната апликација на интернет е World Wide Web (www или скратено само web). Тој содржи огромна колекција на интерно поврзани мултимедијални документи.

Најдобра алатка за изучување на интернетот се токму информациите кои можат да се најдат на самиот интернет (односно web), но при тоа мора строго да се проценат изворите (потеклото) на информациите.

Најдобар начин за наоѓање информации на интернет се страниците за пребарување (search engines).

### ПРОЦЕНКА НА WEB СОДРЖИНИТЕ

Уште на почетокот треба да запомнете дека е потребна проценка на содржините на web пред да ги прифатите како точни и ги користите истите. Потребата за проценка на web содржините е присутна заради следниве причини:

1. Недостиг на механизми за преглед (не постои некое централно тело кои ги проверува содржините кои се објавени на интернет).

2. Анонимност на изворите (поставувачите на содржини на интернет можат да го сокријат својот идентитет или да се претставаат со лажен идентитет).

3. Недостиг на заштита на објавените материјали (објавените материјали можат често да се модификуваат без знаење и согласност на објавувачот).

4. Актуелноста на објавените материјали (можат да се најдат застарени информации за кои е тешко да се одреди времето на нивното објавување).

Точноста, авторитативноста, објективноста, актуелноста се критериуми кои се користат за проценка на содржините објавени на интернет.

- Точноста – проверете ги и верификувајте ги изворите на информациите.